Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13,139/14 и 147/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/19), Министерството за труд и социјална политика

# О Б Ј А В У В А

1. Стапката на трошоците на живот за месец септември 2022 година, во однос на месец август 2022 година, според податоците на Државниот завод за статистика (Соопштение: Индекси на трошоците на живот и цените на мало, септември 2022 година, број 4.1.22.90, објавено на 07.10.2022 година), е повисока за 1,6 %.

2. Правото на пораст на платите за месец септември 2022 година, во однос на месец август 2022 година, за работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија, изнесува 0,8 %.

МИНИСТЕР

Јованка Тренчевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
MINISTRIA E PUNËS DHE POLITIKËS SOCIALE
СКОПЈЕ - SHKUP

Бр. 08- 7055/1

Датум:

10 -10- 2022